РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 18-1092/6
27. 12. 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Извештај
## за извршен надзор на законитоста на работата од областа на животната средина на општина Босилово за 2022

Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирана со Решение бр. 18-1092/2 од 16.02.2021 година, а врз основа и согласно Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр.18-521/2 од 17.03.2022 година, на ден 19.10.2022 година изврши надзор на законитоста на работата во општина Босилово.

Надзорот е извршен врз основа на претходна најава до општината Босилово од страна на министерството и тоа за следните области од законите за животна средина:

1. Постапка за одобрување на елаборати за животна средина
2. Постапка за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола
3. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на управување со отпадот.
4. Надзор на надлежностите на органите на општината, од областа на заштита на водите.
5. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на заштита од бучава во животната средина

Претставници од општина Босилово присутни при вршењето на надзорот беа Јасна Василева-општински инспектор за животна средина и Ване Димитриев-Раководител на ЛЕР .

Во однос на првата точка која се однесува на спроведување на постапката за одобрување на елаборати за животната средина комисијата утврди дека: во општина Босилово се увиде дека се спроведува постапката за одобрување на елаборати за заштита на животната средина и за истите се води регистер на издадени елаборати, имаат лице за одобрување на елаборати вработено на работно место - Раководител на одделение за локален економски развој и комунални дејности кое има писмено овластување.

По однос на втората точка која се однесува на спроведување на постапката за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи од страна на комисијата е утврдено дека согласно активностите кои произлегуват од Законот за животна средина општината ја спроведува постапката за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи како и нивно обновување. Запазена е

постапката за премин на Б-ДУОП во Б-ИЕД, имаат 2 дозволи кои се издадени од страна на општината и една во постапка. Имаат писмено овластено лице вработен на работно место-Раководител на одделение за локален економски развој и комунални дејности кој ги издава.

<u>По однос на обврските согласно Законот за животна средина :</u>

-Нема донесено нов ЛЕАП, последниот е за период од 2016година до 2020 година истиот е со истечен рок и повеќе не важи.

-Општината ја нема исполнето обврската согласно член 154 од ЗЖС, нема донесено надворешен план за вонредни состојби.

- Општина има вработено овластен инспектор за животна средина кој редовно изготвува План за инспекциски надзор.

-Општина нема годишен извештај за реализациа на инспекциски надзор.

-Нема воспоставено соодветни катастри согласно член 42 и не доставува податоци до МЖСПП.

-Општината се изјасни дека ја известува јавноста за состојбата во животната средина преку својата веб страница и социјалните мрежи.

- Општина Босилово нема воспоставено меѓуопштинска соработка со друга општина во областа на животната средина. (порано постоела заедничка администрација со општина Василево и општина Ново село поради близината на трите општини и поради потребата од здружување на човечкиот капитал и финансии заради остварување на обврските согласно законите, во моментов не функционирала)

<u>Согласно третата точка согласно прописите кои произлегуваат од Законот за управување со отпадот:</u>

- Општината има донесено Решение за одобрување на регионален план за управување со отпад на југоисточен плански регион во кој припаѓа со бр.11-1607/3.

- Општината имала изготвено извештај за реализација на регионален план, со содржина: Степен на покриеност на услугата за собирање на отпад, Јакнење на административните капацитети (јакнење на капацитетите на Општина Босилово и ЈПКД „Огражден„ – Босилово, Регионално управување со отпад, воведување на систем за селекција и селективно собирање на отпад, управување со биоразградлив отпад Поставување на контејнери, Мониторинг на управувањето со отпадот, Подигнување на јавна свест, Расчистување на дивите депонии и на прифатилиштата за комунален отпад.

- Во општината Босилово согласно член 28 од Законот за управување со отпад кој се однесува на управување со комуналниот и другиот неопасен отпад има основано Комунално јавно претпријатие кое го собира и транспортира отпадот во општината со активности: Редовно собирање на смет од домаќинствата и

правни лица, Поставување на контејнери за селекција на отпад и тоа:Електричен и електронски отпад, Пет пластика, Хартија и Стакло. Одредување на локации за селекција на отпад. Расчистување и уредување на прифатилишта за комунален отпад, Одржување на јавната чистота.

-Советот на општината во врска со управување со отпад имала донесено одлука за основање на Регионална депонија за управување со отпад на ниво на Југоисточен плански регион.

- Општината членувала во меѓуопштински одбор за управување со отпад во Југоисточен плански регион.

- Согласно член 45 од ЗУО за интегрирана мрежа за управување со отпад општината немала определено локација каде што можат да бидат изградени, односно поставени претоварни станици за отпад, но се изјасни дека во секое населено место имало прифатилиште, а дел од отпадот односно камионите секој ден отпадот го носеле на депонијата во Добрашинци како идна локација за регионална депонија.

-Општина Босилово има основано јавно претпријатија ЈПКД Огражден-Босилово за собирање, транспортирање или третман на комуналниот и на другите видови неопасен отпад согласно член 60 од ЗУО.

-Општината се изјасни дека има донесено Програма за работа и план за развој на секторот хигиена на ЈПКД Огражден Босилово, врз основа на општите правила донесени согласно со членовит 37 и 51 од овој закон, во кој детално биле пропишани условите, начинот и шемите за собирање и за транспортирање на комуналниот отпад во рамките на интегрираниот систем за управување со отпад на подрачјето на општината.

-Општината се изјасни дека има определено локација каде ке се поставaт садови за собирање и селектирање на отпадот со кои ќе се овозможи селектирање на опасниот отпад од домаќинствата согласно обврските во рамките за закон за проширена одговорност на производителите и тоа локации- Стакло-5 локации, Пластика-2 локации, Хартија-5 локации, ЕЕО-1 локација, Отпадни батерии – 5локации.

-Општината нема основано депонија за неопасен и за инертен отпад.

-Општината не води Катастер за својата територија во кој би се евидентирале создавачите на неопасен отпад согласно член 101 од ЗОУ.

-Согласно член 11 од ЗПОП Општината не ги исполнувала обврските за соработка со производителите на посебни текови на отпадот самостојни или преку колективен.

- Општината обврската согласно член 42 од ЗПОП се изјаснила дека ја исполнила со склучување на договор со Пакомак за отпад од пакување, со Нула отпад за батерии акомулатори, и со Елколект за Електричен и електронски отпад.

-Општина Босилово граѓаните ги информирала преку соопштенија, објавување на Веб страната на Општината.

<u>Согласно четвртата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Босилово, од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од Законот за водите:</u>

-Општината Босилово има поднесено барања до Министертво за животна средина и просторно планирање, Сектор води за прибавување на водно право согласно член 23 и член 24 од Закон за води. За некое од барањата за дозволи постапката е се уште во тек, а некое од доставените барање е отфрлено. Оштината нема прибавено Дозвола за испуштање отпадни води или за испуштање или фрлање материи и супстанции во реципиентите согласно член 79 од ЗВ.

- Општината при издавање на Б интегрирани еколошки дозволи утврдува дали инсталацијата за активностите и дејностите за кои се издава дозвола за користење и дозвола за испуштање ги има прибавено од Министерство за животна средина и просторно планирање.

- Општината согласно член 96 став 2 од ЗВ нема донесено одлука за потребата за определување на заштитни зони.

- Општината во прашалникот одговорила дека во урбанистичките планови ги прикажува картографски заштитните зони, согласно член 98 став 4 ЗВ, но бидејќи не се донесени заштитни зони општината не ги прикажува.

-Општината нема донесено Програма за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води согласно член 114 од ЗВ.

-Општината не врши одведување и собирање на отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нивното подрачје, вклучувајки го и отстранувањето на тињата и не врши пречистување на отпадните води согласно член 113 од ЗВ.

- Согласно член 116 Општина Босилово не обезбедила ефлуентите од индустриските отпадни води коишто влегуваат во системите за собирање и прочистување на урбани отпадни води да бидат подложни на потребниот предтретман.

-Општината нема донесено Програма за заштита од штетно дејство на водите согласно член 124 ЗВ. Општината има направена регулација на суводолиците во урбаниот дел во согласност со обврските од член 141 од ЗВ за да ги превземе мерките за уредување на пороите што се наоѓаат на нивното подрачје.

-Општина има донесен Оперативниот план за заштита и одбрана од поплави кој во 2014 година е доставен до Министерство.

-Општината не доставувала и објавувала извештаи за активностите реализирани во претходната година и не предвидела активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите

-Општината е во постапка за донесувањето на урбанистичките планови и во планот е определен крајбрежниот заштитен појас.
-Општината секоја година до крајот на Септември вршела проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во сотстојба да предизвикат поплави на земиштето, и од страна на општината во прашалникот е напишано дека има уредување и регулација на речните корита.
-Општината нема донесено Програма за мониторинг на водите согласно член 145 став 7 од ЗВ и истите немат мерни места за мониторинг на водни тела.
-Општината имала основано претпријатије КЈП Водна Кула-Босилово за вршење на дејноста и работење и одржување на системот за водоснабдување и снабдувањето со вода за пиење согласно член 185 од ЗВ.
Општината обезбедила вода за пиење преку изграден водоснабдителен систем-резервоари и секундарна мрежа.
-Општина Босилово нема реализирано инспекциски надзор согласно член 229.

<u>Согласно петата точка од областа на заштита од бучава во животната средина</u>

-Општината не превзема активности при издавање на одобренија за градба во врска со посебните услови и мерки во врска со стандардите за заштита од бучава согласно и член 23 од ЗЗБЖС, како и член 35 од ЗЗБЖС.
-Општината нема склучено договор со овластено правно лице за мерење на бучава.
Општината не превзема никакви мерки согласно овластувањата во Законот за бучава.

**Врз основа на сето горенаведено комисијата за вршењето на надзорот ги увиде следниве недостатоци кои е потребно општината да ги отклони и за тоа да го извести министерството, и даде неколку препораки:**

-Потребно е да се опфаќаат сите надлежности од областа на животната средина кои ги има општината, а кои произлегуваат пред се од Законот за животна средина, Законот за управување со отпадот, Законот за водите, Законот за заштита од бучавата во животната средина и останатите закони од областа на животната средина, во спроведување на постапките каде беше константирано дека не се спроведуваат, Според констатираното еден вработен засега работи на спроведување на сите закони во областа, а истиот не е вработен на работно место за заштита на животната средина, а согласно систематизацијата имаат систематизирано само едно место и тоа за инспектор за животна средина а немаат постапено по заклучокот на Влада за систематизирање на работни места во областа на животната средина. Еден вработен со систематизирани работни обврски на друго работно место не е во можност се да опфати, дополнително што е ангажиран за повеќе области надвор од областа на животната средина, потребно е да се постапи согласно

заклучокот на Влада и да се систематизира работно место на кое ќе биде вработен или распореден извршител а кој ке работи исклучиво на областа на заштита на животаната средина. Доколку не постои можност за ангажирање на вработен да се направи меѓуопштинска соработка со некоја од околните општини со цел размена на работна сила и помош мегу општините како што тоа било порано.

-Да се подготви ЛЕАП,

-Општината да ја исполни обврската согласно член 154 од ЗЖС, да се донесе надворешен план за вонредни состојби.

-Да се отпочне под итно да се постапува целосно согласно Законот за бучава, особено што до сега се појавени неколку приговори и пријави до министерството во однос на непочитување на Законот за бучава.

***Во областа на отпадот комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:***

Се укажува Градоначалникот на општината да ја исполни обврската за соработка со производителите на посебни текови со отпад, со цел поттикнување на одделно собирање на отпадни производи, воспоставување на собирни центри и посебна инфраструктура за одделно собирае, согласно член 11 од ЗПОП.

Се укажува на општината да им овозможи на домаќинствата примарна селекција на отпадот кој го создаваат.

Се препорачува на општината да се вклучи во активностите во процесите на воспоставување на регионален систем за управување со отпад.

***Во областа на водите комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:***

- Општината да прибави Дозвола за испуштање на води и испуштање и фрлање материи и супстанции во реципиентите согласно член 79 од ЗВ, како и да прибави дозволи за користење за водните тела од кои се користи вода за водоснабдување за кои не е прибавена истата.
- Општината потребно е согласно член 96 став 2 од ЗВ да донесе Одлука за потребата од определување на заштитни зони за водни тела од кои се користи вода за консумирање од страна на човекот. Одлуката за потребата со барање и Елаборат за определување на заштитни зони потребно е да се достави до Министерство за здравство и Министерство за животна средина и просторно планирање за да согласно член 96 став 1 од ЗВ се изработи Предлог одлука за заштитни зони која ќе ја донесе Владата на РСМакедонија. По донесување наодлуката од страна на Владата на РСМакедонија потребно е општината во

урбанистичките планови на општината да ги прикажува картографски заштитните зони, согласно член 98 став 4 ЗВ.

- Потребно е општината да донесе Програма за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води согласно член 114 од ЗВ и да врши одведување и собирање на отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нивното подрачје, вклучувајки го и отстранувањето на тињата и да врши пречистување на отпадните води согласно член 113 од ЗВ. Согласно член 116 да обезбеди ефлуентите од индустриските отпадни води коишто влегуваат во системите за собирање и прочистување на урбани отпадни води да бидат подложни на потребниот предтретман.
- Општината да донесе Програма за заштита од штетно дејство на водите согласно член 124 ЗВ (која треба да содржи изградба на насипи, акумулации, регулација на реки, уредување на порои, заштита на земјиште од ерозија, пошумување и сл.) и да се преземаат мерките за заштита од друго штетно дејство на водите во урбаните подрачја согласно оваа програма.
- Согласно член 143 општината да изработи, доставува и објавува извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите.
- Согласно член 126 од ЗВ потребно е Оперативниот план за заштита и одбрана од поплави во континуитет да се донесува од страна на општината, да се доставува до Министерство за животна средина и просторно планирање и да се спроведува истиот.
- Општината согласно член 131 во населените места има можност да го определува крајбрежниот заштитен појас за водотеците за кои не е определен истиот и да го уреди согласно член 132.
-Советот на општината на територијата под нејзина надлежност потребно е да ги определи границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија како и да ги утврди мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредувањето на пороите, врз основа на техничка документација согласно член 135 од ЗВ и да ги презема мерките за заштита на ерозивни подрачја согласно член 137 од ЗВ
- Согласно член 133 секоја година до крајот на септември општината да изврши проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата. Доколку водотеците не обезбедуваат непречен проток се преземат мерки од страна на општината.
- Општината потребно е да донесе Програма за мониторинг на водите согласно член 145 став 7 од ЗВ и редовно да доставува податоци од мониторинг согласно член 156 ЗВ.

За превземените активности општината да го извести министерството, Одделение за соработка со локална самоуправа во Секторот за соработка со локална самоуправа и управно надзорни работи во рок од 6 месеци со писмен допис.

Скопје, 2022 година

Претседател на Комисија
Тања Кироска Филиќ____________________
Членови од Комисијата присутни на надзорот:
Ирена Николоска, ____________________
Сашо Илиќ, _______________
Лумни Јашари______________________
Членови на комисијата кои учествуваа во извештајот:
Даниела Ристова,____________________
Даниела Наумоска, ____________________